**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

Арх. бр. 02-3792/1
22.12 2022година
Скопје

Врз основа на член 110 став 1 точка 8 и член 173 став 1 и 2 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 178/2021) и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и 426/2019), на предлог на рецензентската комисија во состав: д-р Весна Коруноска Стевковска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Билјана Капушевска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје и д-р Јадранка Бундевска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, чиј реферат е објавен во Универзитетскиот билтен бр. 1272 од 15.11.2022, Наставно-научниот совет на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, на 54-та редовна седница одржана на 22.12.2022 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор во наставно-научно звање

### Член 1

СЕ ПРИФАЌА реферreprésentatот на рецензентската комисија објавен во Билтен на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр. 1272 од 15.11.2022 година за избор на д-р САШО ЕЛЕНЧЕВСКИ во наставно-научно звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР од научната област стоматолошка протетика на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје – Катедра за стоматолошка протетика.

### Член 2

СЕ ИЗБИРА вонреден професор д-р САШО ЕЛЕНЧЕВСКИ во наставно-научно звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР од научната област стоматолошка протетика на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје – Катедра за стоматолошка протетика.

### Член 3

Извршениот избор од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот го потврдува Универзитетскиот сенат.

### Член 4

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
-досие на седницата,
-именуваниот,
-Универзитетски сенат,
-сметководство.

Изработил: Елизабета Алексовска
Одобрил: д-р спец. Влатко Коколански

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Декан
проф. д-р Ќиро Ивановски